ЈП ДЕПОНИЈА
ДРИСЛА
СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

Бр./Nr. 03 - 1783/2
29.12 202 2 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

[redacted]

**Дата: 29.12.2022**

## РЕШЕНИЕ

На 15.12.2022 година, во ахивата на ЈП депонија Дрисла Скопје по брза пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на [redacted].

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации и документи од Оделението за правни и административно општи работи, Одделението за сметководство, финансии и комерција, Одделението за човечки ресурси и Овластеното лице за заштитено внатрешно пријавување, Ви доставуваме одговор на Вашите прашања со линкови од кои може да ги симнете бараните документи и во Прилог на овој допис документи кои не се јавно објавени.

**Одговор на прашања поврзани со процена на капацитетите согласно со Законот за јавни претпријатија.**

1. Во ЈП депонија Дрисла Скопје не се распишува јавен повик за избор на членови на Управен одбор бидејќи Одлуката за именување на претседател и членови на Управен одбор со бр.27-11899/8 од 29.12.2021 год. е донесена на третата седница на Советот на Град Скопје одржана на 29.12.2021 год. (Прилог: Одлука за именување на претседател и членови на УО)
*Во член 8 од Законот за измени и дополнувања на Законот за јавни претпријатија објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.89/22 дека: Членовите на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.*
2. Управниот одбор на ЈП депонија Дрисла Скопје е составен од девет членови, од кои еден претседател и осум членови.
3. Немало никогаш објевно јавен повик бидејќи претпријатието нема законска обврска за тоа.
4. На веб страницата на ЈП депонија Дрисла Скопје се објавени основните податоци (име и презиме) на членовите на Управен и Надзорен одбор.
Линк: https://drisla.mk/organizazciona-struktura/
5. Во периодот 2022, 2021 и 2020 година основачот на ЈП депонија ДРИСЛА Скопје не постапил согласно член 40 од Законот за јавните претпријатија од причина што не настапило ниту едно нарушување на работењето на јавното претпријатие од наведените нарушувања во член 39 од истиот закон.
6. Тримесечните извештаи на ЈП депонија Дрисла Скопје се објавени на веб страната на претпријатието.

Линк: https://drisla.mk/programi-i-planovi/

7. ЈП депонија Дрисла Скопје ги објавува податоците и информациите кои се од јавен карактер, во соодветен модул на својата веб страна.
   Линк: https://drisla.mk/informaczii-od-javen-karakter/
8. ЈП депонија Дрисла Скопје подготвува годишни планови за процена на ризици од корупција.
   Линк:https://drisla.mk/wp-content/uploads/2022/07/godishen-plan-za-sprechuva%D1%9Ae-na-korupczi%D1%98a-za-2022-godina.pdf
9. ЈП депонија Дрисла Скопје ги почитува сите законски прописи и согласно изготвениот Годишен план за проценка на ризици од корупција подготвува интерни акти за спречување на судир на интереси.
10. Во тек е подготовка на интерни акти за примање на подароци на вработени во јавното претпројатие од трети лица.
11. ЈП депонија Дрисла Скопје остварува континуирано средби со претставници на основачот во зависност од потребата односно директорот и претставници од конкретните одделенија во претпријатието остваруваат средби со одговорните лица кај основачот за конкретни прашања и изготвување на соодветна документација.
12. Изминатите три години 2020, 2021 и 2022 година добиени се вкупно седум прашања од советници од Советот на Град Скопје, основач на ЈП депонија Дрисла и сите се одговорени (Прилог: Одговори на советнички прашања)

Прилог:

1. Статут на ЈП депонија Дрисла Скопје;
   Линк:https://drisla.mk/wp-content/uploads/2021/01/%d0%a1%d1%82%d0%b0%d1%82%d1%83%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%88%d0%9f-%d0%b4%d0%b5%d0%bf%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%94%d1%80%d0%b8%d1%81%d0%bb%d0%b0-%d0%a1%d0%ba%d0%be%d0%bf%d1%98%d0%b5.pdf
2. Акт за употреба на средства остварени со работењето на ЈП депонија Дрисла Скопје и покривање на загубите (Прилог: Одлуки за распоредување на добивка);
3. Годишна сметка и Извештај за работењето на ЈП депонија Дрисла Скопје за периодот 2022, 2021 и 2020 година;
   Линк 2020 год.: https://drisla.mk/wp-content/uploads/2022/07/izveshta%D1%98-za-czelokupnoto-rabote%D1%9Ae-na-%D1%98p-deponi%D1%98a-drisla-skop%D1%98e-za-2020-godina.pdf
   (Прилог: Годишна сметка за 2020 год.)
   Линк 2021 год.: https://drisla.mk/wp-content/uploads/2022/07/izveshta%d1%98-za-czelokupnoto-rabote%d1%9ae-na-%d1%98p-deponi%d1%98a-drisla-skop%d1%98e-za-2021-godina.pdf
   (Прилог: Годишна сметка за 2021 год.)
   Линк 2022 год.: Годишната сметка и Извештајот се изработуваат по завршување на тековната година, со рок до 31ви март наредната година.
4. Програма за работа и развој на ЈП депонија Дрисла Скопје;
   Линк 2020 год.: https://drisla.mk/wp-content/uploads/2020/12/%d0%9f%d1%80%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-2020-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0.pdf
5. Линк 2021 год.: https://drisla.mk/wp-content/uploads/2021/01/%d0%9f%d1%80%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b0-%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b2%d0%be%d1%98-%d0%bd%d0%b0-%d0%88%d0%9f-

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800

%d0%b4%d0%b5%d0%bf%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%94%d1%80%d0%b8%d1%81%d0%bb%d0%b0-%d0%a1%d0%ba%d0%be%d0%bf%d1%98%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-2021-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0.pdf

6. Одлука за определување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор (Прилог: Одлука);

**Одговор на прашања поврзани со процена на капацитетите за постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите.**

1. Обврските согласно Законот за заштита на укачувачи за прием и постапување по пријави за корупција, ги врши овластеното лице за заштитено пријавување.
2. Во ЈП депонија Дрисла Скопје во тек е подготовка на акти со кои се уредуваат обврските од Законот за заштита на укажувачи.
3. Лицето овластено за заштититено внатрешно пријавување има завршено високо образование од областа на безбедноста.
4. Лицето овластено за заштититено внатрешно пријавување има седум години работно искуство.
5. Лицето овластено за заштититено внатрешно пријавување е вработено на работно место – Главен асистент на директорот.
6. ЈП депонија Дрисла Скопје од оваа година за прв пат има одредено Лице овластено за заштититено внатрешно пријавување и во согласност со овој Закон во тек е консултација за обезбедување на соодветни обуки и услови за работа на овластеното лице.
7. Обуките на кои присуствуваат овластените лица вработени во претпријатието ги финансира ЈП депонија Дрисла Скопје.
8. На лицето овластено за заштититено внатрешно пријавување во тек му е обезбедување на услови за работа согласно закон. Со оглед на тоа што лицето е назначено пред неколку месеци и потребно е време за усогласување на претпријатието со законот. Се работи за јавно претпријатие кое работи согласно претходно донесени Финасиски план, План за јавни набавки и Програма за работа во кои овие ставки не беа предвидени, но веќе во новите документи за 2023 година се предвидуваат и ќе бидат исполнети сите услови согласно законот.
9. За ангажманот на лицето овластено за заштитено внатрешно пројавување не е предвиден дополнителен надоместок надвор од платата.
10. Во ЈП депонија Дрисла Скопје досега воопшто нема пријави за внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите.
11. Немало пријави преку заштитено внатрешно пријавување во претпријатието за да биде пријавувачот известен за постапувањето по пријавата.
12. Како резултат на тоа што немало пријави, не се оформени предмети и не се доставени пријави до соодветни надлежни институции.
13. Бидејќи немало пријави и не се доставени пријави до соодветни надлежни институции.
14. За работи поврзани со ЈП депонија Дрисла Скопје не е направено заштитено надворешно пријавување согласно со член 5 од Законот за заштита на укажувачите.
15. ЈП депонија Дрисла Скопје пред половина година го назначи лицето овластено за заштитено пријавување при што на крајот на оваа година ќе биде изработен првиот Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи до ДКСК согласно со Законот за заштита на укажувачи.
16. Во ЈП депонија Дрисла Скопје не е спроведена постапка за надзор од Министерството за правда согласно со членот 15 од Законот за заштита на укажувачи.

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: MK4080009506800

17. На ЈП депонија Дрисла Скопје досега не е изречена никаква глоба согласно со Законот за заштита на укажувачи.
18. ЈП депонија Дрисла Дрисла се труди во најбрзо време да се усогласи со Законот за заштита на укажувачи со оглед на тоа што од скоро време е назначено лице за внатрешно пријавување и не беа планирани финансиски средства за оваа година за вакви обуки, но веќе од наредната година ќе бидат организирани обуки за сите вработени со цел да се запознаат со нивните права од Законот за укажувачи.
19. Податоците за контакт на лицето овластено за постапување по пријави од укажувачи се јавно објавени на веб страната на ЈП депонија Дрисла Скопје.
Линк: https://drisla.mk/organizaczìona-struktura/

Доколку Ви се потребни дополнителни информации може да не контактирате.

Изработил

Дијана Ж.Велјаноска

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер

Одобрил

**Александар Кузинаков**

В.Д.Директор

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800